Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-388/1
20.01.2020 2020 година
Скопје

Врз основа на член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр.24/19) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

# О Д Л У К А
## БЕЗ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНА НАБАВКА
**За набавка на услуга – онлајн пристап до Академика – комплетна електронска збирка на македонската регулатива во Република Северна Македонија**

**Член 1**

Министерство за правда донесе одлука за набавка на услуга - **онлајн пристап до Академика – комплетна електронска збирка на македонската регулатива во Република Северна Македонија** поради итна и неодложна потреба на Министерството за правда.

**Член 2**

За реализација на набавката од член 1 од оваа одлука потребни се средства во износ од 21.435,00денари без вклучен ДДВ, ДДВ (18%) во износ од **3.858,00** денари или вкупен износ од **25.293,00** денари со вклучен ДДВ (18%).

**Член 3**

Средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10–администрација, ставка 426 други трошоци и расходи .

**Член 4**

Набавката на услугата од точката 1 на оваа одлука се врши без спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки, односно за овој предмет на набавка не се применуваат одредбите од член 47 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на утврдена потреба на министерството за правда за следење и пребарување во електорнската збирка на македонската регулатива во текот на секојдневната работа на министерството за правда, а со цел обезбедување на поголема ефикасност и брзина во секојдневното работење се донесе оваа одлука, за набавка на услуга - **онлајн пристап до Академика – комплетна електронска**

**збирка на македонската регулатива во Република Северна Македонија** за обезбедување на тековна конекција во времетраење од 12 месеци за користење на содржините објавени на македонски, албански и англиски јазик, како и една конекција гратис во времетраење од 6 месеци за содржините објавени на македонски, албански и англиски јазик и дополнителен попуст согласно понудата.

Плаќањето се врши во рамките на вредносните прагови наведено во член 40 од ЗЈН во вредност за која не се предвидува спроведување постапка за јавна набавка од член 47 од ЗЈН

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- Сектор за финансиски прашања
- Архива

Republika Severna Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Skopje-Shkup

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**По овластување на Министер за правда**
**Заменик Министер**
**Оливер Ристовски**

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение